**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-310/4**

**Скопје, 10.04.2009 година**

**До**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд), за 2007 година, кои се прикажани на страните од 6 до 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2006 година, во кој е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

    - Георги Тренкоски - директор на Фондот

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 09.01.2009 година до 19.02.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
    -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на завршна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 01.04.2009 година, добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 05-6546/1. Истите беа разгледани и делумно прифатени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *11.1. Неправилна примена на акти*

11.1.1. При увид во договорите за извршување и плаќање здравствени услуги во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита, склучени меѓу Фондот и здравствените установи, ревизијата утврди одредени неправилности, кои не се во согласност со Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита и тоа:

- договорите со јавните здравствени установи не се склучени во рокот утврден во Правилникот, односно истите се склучувани во текот на годината, а со важност ретроактивно за целата година;
- не се во целост имплементирани одредбите од Правилникот, во поглед на утврдување на износот на надоместокот за здравствени услуги, како и за следење на реализацијата на договорите во делот на исплата на променливиот дел од надоместокот. Согласно Правилникот, надоместокот за вршење здравствени услуги се состои од фиксен и променлив дел, кој се исплаќа доколку здравствената установа ги извршила договорениот вид и обем на здравствени услуги и ги остварила договорените цели што треба да се постигнат низ резултатите од извршената работа;
- договорот е склучен без утврдени критериуми за дефинирање на износот на средства кои Фондот ќе ги издвои за извршените услуги и со рок на важност не пократок од десет години, што не е во согласност со Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита;
- здравствената установа, врши здравствени услуги над утврдениот буџет во договорот, без претходна согласност од Фондот, односно пред да се склучи

Анекс договор со Фондот за зголемување на буџетот, што не е во согласност со членовите 6 и 11 од склучениот договор меѓу Фондот и ПЗО Специјална болница по кардиохирургија Филип Втори.

Причина за ваквата состојба е непридржувањето на процедурите утврдени со Правилникот. Ваквата состојба придонесува да се вршат исплати над фиксниот износ на надоместок утврден во договорите и за јавни здравствени установи кои имаат извршено помалку здравствени услуги во однос на добиените средства од Фондот. Овие средства јавните здравствени установи ги користат за надоместување на основни трошоци за нивно функционирање (плати, комунални и други материјални трошоци) или за затворање на побарувањата кон Фондот од Конечен период.

*Ревизијата не дава препорака за склучување на договорите за извршување и плаќање здравствени услуги во специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита и следење на реализацијата на истите, поради тоа што изготвена е Одлука за утврдување на критериуми за утврдување на буџетот на здравствените установи од специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита за 2008 година и донесена е процедура за следење на договорите.*

### *11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

11.2.1. Во текот на ревизијата беа испратени 6 конфирмации за усогласување на побарувањата во вкупен износ од 35.221 илјада денари и 11 конфирмации за усогласување на обврските во вкупен износ од 94.280 илјада денари искажани во финансиските извештаи. Од вкупно испратените конфирмации за усогласување на побарувањата добиени се 2 конфирмации и истите се усогласени, додека не се добиени 4 конфирмации што претставува 87% од вкупно испратените. Од вкупно испратените 11 конфирмации за усогласување на обврските добиени се 5 конфирмации или 70%. Од примените конфирмации за усогласување на обврските, 2 во вкупен износ од 31.462 илјади денари односно 33% се усогласени, додека 3 во вкупен износ од 3.978 илјади денари, односно 4% се неусогласени со евиденцијата на Фондот. Поради малиот број на добиени одговори, ревизијата не ја потврдува реалноста и објективноста на искажаните побарувања и обврски во финансиските извештаи.

**Препорака**:
Фондот да превземе активности за усогласување на побарувањата и обврските најмалку еднаш годишно, со цел нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

### *11.3. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

Во текот на 2007 година вршени се набавки, кои не се во согласност со Законот за јавни набавки, а се однесуваат на:

набавки на лекови за потребите на јавните здравствени установи, по спроведени постапки во Конечен период и склучени договори со добавувачите со важност од дванаесет месеци, односно до исполнување на предвидените количини во договорите. Во 2007 година, Фондот има воспоставено процедура за давање финансиска согласност на јавните здравствени установи за вршење набавки, но нема целосен увид во вкупно потрошените количини предвидени во договорите, поради тоа што по истите вршени се набавки и во претходни години, без следење

на набавените количини, што создава можност со извршените набавки да се надминати договорените количини;

набавки на потрошен материјал за хемодијализа, за потребите на јавните здравствени установи, по спроведена постапка за јавна набавка 05-10150/1 од 27.12.2005 година и склучени договори во Април/2006 година, при што се надминати количините утврдени во договорите со добавувачите, иако е воспоставена евиденција за следење на реализација на договорот по количина и цена.

Причина за ваквата состојба е задоцнета реализација на започнати постапки за јавни набавки во тековната година. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето соодветни постапки за јавни набавки, создава можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, необезбедување на фер конкуренција и повластена положба на одредени добавувачи.

*Ревизијата не дава препорака за набавките на лекови и медицински потрошен материјал за потребите на јавните здравствени установи, бидејќи во 2008 година Фондот престанува со исплати по тој основ, односно обврската за следење на договорите и плаќање на обврските ја имаат здравствените установи.*

12. Ние не извршивме ревизија на компонентите Здравствени услуги и Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување од финансиските извештаи за 2007 година на Фондот за здравствено осигурување, истите ќе бидат предмет во наредните ревизии.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1 и 11.2, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија под 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките од 11.1. до 11.3. кај Фондот за здравствено осигурување на Македонија, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2006 година ревизијата утврди дека за констатациите изнесени во точките 10.1, 10.2, 10.3.1, 10.3.2, 10.3.3, 10.4.1, 10.5.2 и 10.5.3 од страна на субјектот се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

16. ***Обелоденување***

Во тек се судски постапки, чиј исход може да влијае на финансиските извештаи на Фондот, а се однесуваат на постапки во кои:

Фондот се јавува во улога на тужител, во вкупен износ од 1.623.602 илјади денари, по разни основи (неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување, повраток на средства за лекување на лица повредени во сообраќајни несреќи, неуплатена партиципација за лекување

во странство, неосновано збогатување, стекнување без основ-повеќе исплатени средства на аптеки);

Фондот се јавува во улога на тужена страна, во вкупен износ од 331.456 илјади денари по разни основи (долг, камата, надомест на штета, работен однос).

17. ***Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата:***

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на Фондот, извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2008 година и пуштен е налог за докнижување, кој има ефект на зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2007 година за износ од 1.533 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции. Исправките се спроведени со налог за книжење бр.18/7 од 31.12.2008 година.

Скопје, 06.04.2009 година **Овластен државен ревизор**

## ФОНД ЗА ЗДАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 16,291,838 | 15,536,963 |
| Неданочни приходи | 9,380 | 801,815 |
| Капитални приходи | 0 | 9,010 |
| Трансфери и донации | 1,190,039 | 157,108 |
| **Вкупно приходи** | **17,491,257** | **16,504,896** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 190,617 | 169,093 |
| Стоки и услуги | 15,014,140 | 14,931,504 |
| Социјални бенефиции | 1,144,060 | 1,116,086 |
| **Вкупно тековни расходи** | **16,348,817** | **16,216,683** |
| **Капитални расходи** | **76,184** | **63,711** |
| **Вкупно расходи** | **16,425,001** | **16,280,394** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **1,066,256** | **224,502** |



----------------------------

## ФОНД ЗА ЗДАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1,066,256 | 224,501 |
| Побарувања | 66,405 | 1,945 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 196,171 | 4,384,531 |
| Активни временски разграничувања | 2,132,424 | 4,466,063 |
| Залихи | 622 | 653 |
| **Вкупно тековни средства** | **3,461,878** | **9,077,693** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Капитални (материјални) средства | 302,655 | 173,327 |
| Природни богатства | 21,698 | 21,698 |
| Материјални средства во подготовка | 787,751 | 843,770 |
| **Вкупно капитални средства** | **1,112,104** | **1,038,795** |
| **Средства на постојана резерва** | **19,883** | **19,887** |
| **Вкупна актива** | **4,593,865** | **10,136,375** |
| ***ПАСИВА*** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 38,410 | 33,514 |
| Краткорочни обврски по резерви | 1,569 | 29,100 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 25,197 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 161,048 | 118,479 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 1,309,161 | 3,174,208 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,330,303 | 4,972,110 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **2,865,688** | **8,327,411** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | **595,568** | **665,801** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1,125,327 | 1,138,389 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **1,125,327** | **1,138,389** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | **7,282** | **4,774** |
| **Вкупна пасива** | **4,593,865** | **10,136,375** |



----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Извори и обврски на средствата за други намени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **1,117,866** | **20,523** | **4,774** | **1,143,163** |
| | | | | - |
| **Зголемување по основ на:** | **159,953** | **29** | **2,706** | **162,688** |
| Набавки | 30,263 | 29 | - | 30,292 |
| Евидентирана донација-опрема | 7,330 | - | - | 7,330 |
| Извршени корекции за усогласување на капиталните средства со изворите на капитални средства | 9,617 | - | 2,706 | 12,323 |
| Пренос на вредноста на градежниот објект од вонбилансна евиденција | 112,743 | - | - | 112,743 |
| **Намалување по основ на:** | **172,997** | **47** | **198** | **173,242** |
| Расход по попис | 60 | 47 | 52 | 159 |
| Извршени корекции за усогласување на капиталните средства со изворите на капитални средства | 96,168 | - | - | 96,168 |
| Преотстапени материјални средства-опрема | 623 | - | - | 623 |
| Амортизација | 20,127 | - | 146 | 20,273 |
| Преотстапени инвестиции во тек | 56,019 | - | - | 56,019 |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **1,104,822** | **20,505** | **7,282** | **1,132,609** |